

# ГРОЗДАН КРСТЕВСКИ

Интересот за мистериозното во постоењето, и тоа од оној вид кога и разумното суштество - човекот, деликатните одредници во својот живот ги толкува како судбина, продолжува и во овој најнов циклус на Гроздан Крстевски.

Ако неговиот претходен циклус беше обид за пречекорување преку прагот што ги спојува видливото од невидливото, материјалнотоод духовното, сонот од јавето, овој циклус значи враќање назад, излегување од халуцинантната атмосфера во која со алтернативни методи и конкретни елементи се обликуваше сенката на другиот свет. Сега, под светлината на денот, се гледа што се понело во рацете од тој затемнето обоен свет. Со отворањето на рацете, се појавува оној свет со кого претходно таму се отишло, значи светот во кого живееме. Значи, треба да се појде од себеси, од природата, од нејзините елементи, чија појавност и структуралност, визуелно, ментално, психолошки и сетилно, е престорена во митски, религиозен или обреден и магиски симбол и знак. Чудата се голема желба на човекот, тајната е во сѐ околу нас, но прашање е дали ќе разбереме дека клучот е во самите нас. Токму ова прашање е од пресудно значење и за самиот уметник.

Овој пат Крстевски со комбинирање на неколку основни елементи настојува да востанови своја шифра за влез во тајната. Ако духовното и душевното појавно се недофатливи, тогаш симболите се еден вид можни писма за нивно разбирање. Во ликовниот систем на Крстевски тие се содржани во односот на човекот наспроти сѐ, па дури и наспроти себеси. Сето тоа има добиено сенишни облици, игра на напнати контрасти, и изобилна, речиси развратна енергија во агресивно-аглеста и рушителна настроеност. И самиот човек е зафатен од струите на таа цинична гримаса на енергијата. Впрочем, таа си има свои природни закони, а човекот има разум кој му дава шанса да ги избегнува нејзините негативни молњи.

Во овој циклус уметникот тоа го изведува на нов начин. Просторот и атмосферата ги ослободува во нивната чистота. Со напуштањето на халуцинантната атмосфера, за просторот во композицијата се посега по стиловите на строгиот дух: од апстракцијата на Мондријан и супрематизмот на Маљевич, до крилото на апстрактниот експресионизам на обоените полиња низ кои е интегрирана природата и човекот. Врз белата хартија применува метод на вметнување (инсерција), на најбитните елементи од претходно насликаните засебни цртежи во пастел, кои по тоа ги сече и со лепење ги комбинира на белата површина. Просторните потреби ги решава со чисти површини од пастелна хартија, а содржината со комбинација од насликани елементи во пастелна техника блиска на импресионистичкиот метод. Потегот е резок и нервозен, тонските премини се многу нагли и аглести, во тој дух се и начините на сечењата на елементите, а сето тоа создава максимално чувство за студенило како состојбата на ,,смрзната" крв кога се оди во пресрет на непознатото и неизвесното.

Љубен Пауноски

The interest in the mystery of existence, the one of the kind when even the rational being, the man, identifies the delicate tendencies in his life with the destiny, proceeds in the most recent cycle of Grozdan Krstevski.

If his former cycle was an attempt for crossing the threshold that joins the visible with the invisible, the material frwith the spiritual, the dream with the reality, this one signifies coming back, stepping out of the hallucinative atmosphere in which a shadow inwas featured in the other world by means of alternative methods and actual concrete elements. Now, under the light of the day, one can see what has been brought from that darkly coloured world. Now that the hands are open, the world emerges from which one has departed, namely, the world in which we are living. Consequently, one has to start from oneself, from the nature, from its inherent elements, whose phenomenon and structure have been visually, mentally, psychologically and sensationaly transformed into mythical, religious or ritual and magic symbol and sign. Miracles have always been subject of great human desire, the mystery is in everything around us, the only question is whether we should understand that the key is somewhere in ourselves. This question exactly is of crucial significance for the artist.

This time Krstevski aendeavours to set his oun ciphre to enter the mystery by combining several basic elemants. If the spiritual and the mental phenomena are untouchable, than the symbols could become a kind of possible alphabet for their inderstanding. In the artistic system of Krstevski, they are contained in the relation of the man against everything, even against himself. All this has attainedachieved ghostly features, a play of strained contrasts, and abundant, almost perverted energy in an aggressive-angular and destructive destinationt. Even the man himself is embraced by the currents of that cynical grimace of energy. Actually, it has its oun natural laws, and the man has sense that gives him chance to evade its negative thunders.

In this cycle, the artist performs it in quite a new way. The space and the atmosphere have been released to their purity. Abandoning the hallucinative atmosphere, he reaches out for the styles ot the rigid spirit in the space and the composition: from the apstraction of Mondrian and the supramatism of Maljevich, to the wing of the abstract expressionism of the coloured fields through which the nature and the man are integrated. On the white paper, he applies a method of insertion of the basic elements of the formerly painted separate drawings in pastel,which are subsequently cut off and by pasting combined on the white surface. He solves the spatial problems by pure surfaces of pastel paper, and the one of the contents by combination of elaments painted in pastel technique closely associated to the impressionictic method. The stroke in sharp and nervous, and the tone hues are hasty and angular, the cutting of the elements being performed in the same spirit,and all this arousing maximum sensation of coldness, something like the state of frozen blood when one goes towards the unknown and uncertainity.

Translated into English my Nada Andonovska

Гроздан Крстевски, роден на 16-XI-1955 во Скопје, ул. Јужноморавски бригади бр. 47б, Скопје, тел. 518-641 Завршил УПУ во Скопје, член на ДЛУМ од 1984 год.
- Добитник на стипендија на Фондот за унапредување на ликовна уметност ,,Моша Пијаде" за 1989-студиски престој во Париз.

**САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:**

1979 во Скопје Центар за култура и информации
1984 во Скопје ,, ,, ,, ,, , Паракин, Валандово
1987 во Охрид и Скопје
1988 во Скопје, Центар за култура и информации
1989 во Скопје, Дом на ЈНА, Изложбен салон
1989 во Битола, Салон на ДЛУБ
1992 во Охрид
1992 во Битола, Уметничка галерија
Скопје, Културно-информативен центар
Прилеп, Дом на културата

**МУЛТИМЕРДИЈАЛА:**

1987 - Скопје, Книжевен хепенинг, Дом на младите
1987 - Авторска вечер, Музичка академија, Скопје; ТВ галерија-РТВ Скопје
1989-ТВ лирика, РТВ Скопје
1990 - Скопје, Промоција на македонска љубовна поезија,
Македонски народен театар
1991-Македонија за мир - Македонска телевизија, Градски плоштад, Скопје
Македонија ,,ЗА" - I канал на Македонско радио, Градски парк, Скопје
- Ангел на мирот-Македонско радио, Канал 2000, Радио урнебес,
Градски плоштад, Скопје
1992-СКОК-Дом на култура ,,Григор Приличев" Охрид
- Дрво на животот, Скопје, Светски ден на екологија

**НАГРАДИ:**

1980-Награда за цртеж, МЛАДИ ЛИКОВНИ ТВОРЦИ, Скопје
1986- Награда за цртеж, 1100-годишнина од Климент Охридски и Славјанските просветители
1987-Награда за сликарство, Сликарство мал формат, Скопје
1990 - Стипендија ,,Моша Пијаде" студиски престој во Париз

**ЛИКОВНИ КОЛОНИИ:**

1984-Сисавац, Паракин
-Југословенско биенале на цртеж, Штип
1985-Сисак, Железара Сисак
1986-Сребреник, Тузла
1987-Прохор Пчински, Куманово
1988-Опленац, Топола
1990-Галичник, Македонија
1991-Јоаким Осоговски, Крива Паланка
1992-Белчишта, Охрид

**ПОВАЖНИ ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ**

1984 - 1990 учество на сите ДЛУМ-ови изложби на сликарство, графика и цртежи во Скопје, и Македонија.
1984-1987 - ,,Пиво Караматијевиќ", Плевља
1985-1988 - Сликарство мал формат, Центар за култура и информации, Скопје
1986- Скопје, Охрид, 1100 год. од Климент Охридски и Славјанските просветители
1984 - Штип и Паракин
1985 - Сисак
1985 - Аквизиции, Скопје, Музеј на современа уметност
1986-Еротизмот во македонската ликовна уметност, Центар за култура и информации, Скопје;
Младите во 80-ите, Музеј на Македонија, Скопје;
Генерација '75
,,НОВ и АСНОМ во делата на македонските ликовни уметници"
- Музеј на Македонија, Скопје
1986-I- БИЕНАЛЕ НА МАКЕДОНСКИ СОВРЕМЕН АКВАРЕЛ
1987-VI БИЈЕНАЛЕ ЈУГОСЛОВЕНСКОГ ПОРТРЕТА, Тузла
-XIV БИЈЕНАЛЕ МЛАДИХ, Ријека
1988-ИНТЕРНАЦИОНАЛНИ БИЈЕНАЛЕ, цртеж и графика, Тузла
- - Сликарство малог формата, Сплит
- Фантастичното и надреалното во македонското сликарство, Скопје
- Изложба ДЛУМ-а Београд
- Скопските ликовни уметници за Ерменија, Скопје, Белград
- Скопско лето, Скопје
1989 - Скопје, Аквизиции '89, Музеј на современа уметност
-Опленац, Топола
-VI Салон младих, Кикинда
- Белград, Современа македонска графика
1990-Горњи Милановац, I бијенале југословенске минијатуре
1990-Битола, VII триенале на југословенска графика
1990 и 1991-Цетињски салон на југословенска ликовна уметност, Цетиње
1991-Салон на ДЛУМ, Изложба на 5 автора, Скопје
1991-ГАЛЕРИЈА ,,Ликовна јесен" - СОМБОР - Нови Сад - САРАЈЕВО

Grozdan Krstevski was born in Skopje on 16 November 1955 in Skopje.
He finished the School for Applied Arts in Skopje and became a member of the Association of Art Painters of Macedonia in 1984.
He was winner of the scholarship for a study stay in Paris in 1989, granted by the Foundation for Promotion of the Pictorial Art ,,Moša Pijade''.

**ONE-MAN EXHIBITIONS:**

1979 in the Centre of Culture and Information in Skopje
1984 in the Centre of Culture and Information in Skopje, in Paraćin and Valandovo
1987 in Ohrid and Skopje
1988 in the Centre of Culture and Information in Skopje
1989 in the Exhibition Hall of the House of the Yugoslav Army in Skopje
1989 in Bitola, Gallery of Association of Painters of Bitola
1992 in Ohrid
1992 in the Art Gallery in Bitola
- in the Centre of Culture and Information in Skopje
- in the House of Culture in Prilep

**MULTIMEDIALS:**

1987 - Literary Happening in the House of the Youth
- An evening with the author, in the Academy of Music in Skopje; TV Gallery, on the RTV Skopje
1989 - TV Lyrics, on the RTV Skopje
1990 - Promotion of the Macedonian Love Poetry in the Macedonian national Theatre
1991 - Macedonia for Peace, on the Macedonian Television and at the City Square in Skopje
- Macedonia ,,Yes'', I Channel of the Macedonian Radio and the City Park in Skopje
- Angel of peace - Macedonian Radio, Channel 2000, Radio the City Square in Skopje
1992 - JUMP, House of Culture ,,Grigor Prličev'' in Ohrid
- Tree of Life, in Skopje on occasion of the World Day of the Ecologists

**AWARDS:**

1980 - Award for Drawing, YOUNG CREATORS IN THE ART OF PAINTING, Skopje
1986 - Award for Drawing, 1100 anniversry of Kliment Ohridski and the Slavonic educators
1987 - Award for Painting, Small Format Painting, Skopje
1990 - Scholarship ,,Moša Pijade'', study stay in Paris

**ART COLONIES:**

1984 - Sisavac, Paraćin
1985 - Yugoslav Biennial of Drawing, Štip
1986 - Srebrenik, Tuzla
1987 - Prohor of Pčinja, Kumanovo
1988 - Oplenac, Topola
1990 - Galičnik, Macedonia
1991 - Joachim of Osogovo, Kriva Palanka
1992 - Belčišta

**MAJOR GROUP EXHIBITIONS**

1984-1989 Participance in all the exhibitions of painting, graphic and drawing organized by the Association of Painters of Macedonia in Skopje
1985 - 1988 Small format Painting, Centre of Culture and Information
1986 - Skopje, Ohrid 1100 anniversary of Kliment Ohridski and the Slavonic educators
1985 - Asquisitions, Skopje, Museum of Contemporary Art
1986 - Erotism in the Macedonian Painting, Centre of Culture and Information, Skopje
The Young in the 1980 ties, Museum of Macedonia, Skopje Generation'75
The Peoples Liberation War in the Works of the Macedonian Painters, Museum of Macedonia, Skopje
1986 - I Bienneal of Macedonian Modern Water Colour Paintg
1987 - VI Bienneal of the Yugoslav Portrature, Tuzla
- XIV Bienneal of Young Creators, Rieka
1988 - International Bienneal, Drawings and Graphic, Tuzla
- Small Format Painting, Split
- Fantastic and Surrealistic in the Macedonian Painting, Skopje
- Exhibition of the Association of Painters of Macedonia, Belgrade
- The Painters of Skopje for Ermenia, Skopje, Belgrade
- Skopje Summer Festival
1989 - Škopje, Acquisitions '89, Museum of Contemporary Art
- VI Gallery of Young Creators, Kikinda
- Beograd, Modern Macedonian Graphics
1990 - Gornji Milanovac, I Bienneal of Yugoslav Miniature
- Bitola, VII Treanneal of Yugoslav Graphics
1990 - 1991 The Cetinje Gallery of Yugoslav Fine Art, Cetinje
1991 - Gallery of the Association of the Painters of Macedonia, Exhibition of 5 creators, Skopje

## КАТАЛОГ
## ВО ПОТРАГА ПО НЕИМЕНЛИВОТО

1. ГОВОРОТ НА ШУМИТЕ
2. ЉУБОВ ПОД ВРВОТ
3. ДВИЖЕЊЕ КОН ИДНИНАТА
4. КРВТА НА СЛИКАРОТ
5. ПАРИЗ
6. ОГНЕНО ТРКАЛО
7. АРХАНГЕЛ МИХАИЛ
8. БЛАГОВЕШТЕНИЕ
9. РАСПЕТИЕ
10. СИМНУВАЊЕ ОД КРСТ
11. ТКАЈАЧКА
12. ВЕЗИЛКА
13. ПАД НА ИСКУСТВОТО
14. ФАУСТ
15. ЧАТАЛ
16. ПРЕДЕЛ
17. МОТИВ I
18. МОТИВ II
19. ОРО
20. ПРОШЕТКА НА СУПРЕМАТИСТИТЕ ВО ПРИРОДА I
21. ПРОШЕТКА НА СУПРЕМАТИСТИТЕ ВО ПРИРОДА II
22. МОНДРИАН НИЗ ДИНАМИЧНИ КРСТОВИ
23. ИНТИМА НА ПРИРОДАТА
24. РУЧЕК ВО ЈАПОНСКАТА ГРАДИНА
25. СОЧНИ ПЛОДОВИ ОД ЗАГАДЕНИОТ ПЕЈСАЖ
26. ПУСТЕЖ
27. ЗНАК
28. СИМБОЛ
29. ХИЕРОГЛИФ
30. ЗАГАТКА
31. АЛЕГОРИЈА
32. ИЛУЗИЈА

Димензиите на сите дела се 40 x 56 см.

## CATALOGUE
## IN SEARCH OF THE ETERNAL

1. LANGUAGE OF THE FORESTS
2. LOVE BELOW THE PEAK
3. MOVEMENT TOWARDS THE FUTURE
4. PAINTER'S BLOOD
5. PARIS
6. FIERY WHEEL
7. ARCHANGEL MICHAIL
8. ANNUNCIATION
9. CRUCIFICTION
10. DEPOSITION OF THE CROSS.
11. WEAVING WOMAN
12. WOMAN WHO EMBROIDERS
13. FALL OF THE EXPIRIENCE
14. FAUST
15. SLING
16. LANDSCAPE
17. MOTIF
18. MOTIF
19. FOLK DANCE
20. WALK OF SUPRAMATISTS IN NATURE
21. WALK OF SUPRAMATISTS IN NATURE
22. MONDRIAN AMONG DYNAMIC CROSSES
23. INTIMATE MATTER OF THE NATURE
24. LUNCH IN THE JAPANESE GARDEN
25. JUICY FRUITS OF THE POLLUTED LANDSCAPE
26. WASTELAND
27. SIGN
28. SYMBOL
29. HIEROGLYPHIC
30. RIDDLE
31. ALLEGORY
32. ILLUSION

All the works are in dimensions of 40 to 56 cm.



СПОНЗОР

ВОДОСТОПАНСТВО - БИТОЛА

ИЗЛОЖБАТА Е ПОСВЕТЕНА НА МОЈАТА СОПРУГА МАРИЈА КРСТЕВСКА



ОКТОМВРИ 1992, - УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА - БИТОЛА
КУЛТУРНО - ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР - СКОПЈЕ
ДОМ НА КУЛТУРАТА - ПРИЛЕП